АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА
**ГОЦЕ ЦОНЕВСКИ**
ул. ВАСИЛ ГЛАВИНОВ бр.7 Б/1-1; 1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
тел./факс (... 38902) 3290811 ; Е-маил: цоневскигЖт-хоме.мк

*Адвокат Гоце Цоневски; Адвокат Наташа Филиповска; Адвокат Александра Тасева; Адвокат Марија Стојановска; Стручен соработник Даниела Стојановска Шутева; Адвокатски приправник Бојан Атанасовски*

Врска: ВПП 2Г.бр -15/13

ПРЕКУ:
ОСНОВЕН СУД ШТИП

ДО:
АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП

ДОВЕРИТЕЛ: Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, место на раѓање Украина на 24.03.1976 година, со живеалиште на ул.Рхеиналее 140 Дизелдорф Германија, со број на пасош 51 5268030, застапуван од Адвокатска канцеларија Јаниќевиќ од Скопје, бул.Кочо Рацин бр.38-1/5

ДОЛЖНИК : Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, ул.Генерал Михајло Апостолски бр.7-3 Штип, со ЕМБС 5096847 и ЕДБ 4029996110063, застапувано од Управителот Верица Љуботенска, со e-mail: r.ljubotenski@imakovino.com.mk, преку Полном.Адв.Гоце Цоневски од Скопје, ул.Васил Главинов бр.7Б-1/1, со тел.02/3290-811, со e-mail:conevskig@t-home.mk

ОСНОВ: привремена мерка

ВРЕДНОСТ: 40.000,00 денари

# ОДГОВОР НА ЖАЛБА

Од Должникот преку Полном.Адв.Гоце Цоневски од Скопје

Со Решение на Основниот суд во Штип ВПП 2 Г.бр. 15/13 од 10.07.2013 год. се одбива како неоснован Предлогот на доверителот за издавање на привремена мерка за обезбедување на парично побарување, со кој се бара да му се забрани на должникот да располага со целокупните материјални средства во износ од 230.223.430,00 денари, тековните средства-залихи во износ од 85.874.520,00 денари, како и да му се забрани да ги оттуѓи или оптовари своите недвижности и стварните права кои се запишани врз недвижноста, да му се забрани на должникот да го продава својот удел во друштвото, како и да му се забрани на должниковиот должник да му исплати на должникот побарување, да му предаде или да прими предмети, да наплати побарување и да располага со нив и да се наложи на носителот на платен промет по налог на должникот или трето лице по негов налог да не дозволи исплата на паричен износ од сметките на должникот на паричен износ за кој е дозволена привремената мерка, која привремена мерка ќе важи се до завршување на постапката, која ќе ја започне доверителот со

поднесување на тужба за надомест на долг, во рок од 30 дена од донесувањето на привремената мерка.

Незадоволен од наведеното Решение, доверителот поднесе жалба против истото заради: Суштествена повреда на одредбите на парничната постапка (чл.343 ст.2 т.14); Погрешна и нецелосно утврдена фактичка состојба и Погрешна примена на материјалното право.

Во одговор на поднесената жалба, должникот преку својот Полномошник истакнува дека жалбата е потполно неоснована, а наводите истакнати во истата се потполно невистинити и прикажани се во сосема поинаква конотација, со единствена цел да се прикаже сосема поинаква фактичка состојба од реалната, па му предлагам на Апелациониот суд во Штип, да донесе одлука со која ќе ја одбие жалбата во целост како неоснована и ќе го потврди Решението на Основниот суд во Штип ВПП 2 Г.бр. 15/13 од 10.07.2013 год. заради следното:

Не се точни наводите во жалбата според кои наводно првостепениот суд сторил суштествена повреда на одредбите од ЗПП бидејки обжаленото решение имало недостатоци поради кои не може да се испита, а особено што изреката на решението е неразбирлива, причините за решителните факти се нејасни и противречни, за решителните факти постои противречност помеѓу она што во решението се наведува за содржината на исправите и записникот за исказите дадени во постапката и самите тие исправи и записникот.

Напротив, обжаленото решение нема недостатоци поради кои не може да се испита, изреката на решението е потполна јасна и разбирлива и не постои никаква противречност ниту во однос на причините за решителните факти кои се јасно дадени и образложени, ниту во однос на исказите дадени во записникот и исправите и самите исправи и записник.

Не се точни наводите содржани во жалбата за тоа дека наводно првостепениот суд воопшто не ги земал во предвид напатствијата на Апелациониот суд во Штип дадени во Решението Гж.бр.877/13 од 12.06.2013 год.

Имено, според овие напатствија, првостепениот суд со сигурност требаше да утврди две околности, односно да утврди дали превземените дејствија од должникот и единствениот содружник Ристе Љуботенски се насочени кон осуетување на побарувањата на доверителот и дали истите предизвикуваат штета; како и да утврди дали поради наводниот противзаконит пренос на удел доверителот повеќе неможе да има било каков пристап до финансиската документација на друштвото.

Во однос на првото напатствие, првостепениот суд повторно ги утврди сите околности кои произлегуваа од доставените докази, како што се Договорот за деловно-техничка и финасиска соработка и Договорот за основање на ДОО од 18.11.2004 година, при што утврдил дека наведените договори се потпишани лично од договорните страни Ристе Љуботенски и Владислав Втулкин, наведувајќи ја при тоа детално содржината на самите договори. Исто така, првостепениот суд повторно детално го анализираше всушност единствениот доказ врз кој доверителот го заснова Предлогот за издавање привремена мерка, а тоа е Информацијата за економско-финансиска состојба на субјектот од Централниот регистар на РМ за работењето на друштвото во период 2010 и 2011 година прикажана само врз основа на податоците искажани во завршните сметки за овој период. Користејќи само селективно избрани податоци од наведената Информација, доверителот се обидува да прикаже сосема понаква фактичка состојба. Поконкретно, ценејќи ја само ставката за намалување на вредноста на основните средства и опремата во 2011 година во однос на 2010 година, доверителот невешто се обидува да прикаже дека должникот наводно отуѓува основни средства или свесно ја намалува вредноста и капиталот на друштвото. Меѓутоа, **должникот неколкупати веќе образложи дека ваквите намалувања на вредноста на основните средства се всушност резултат на законски**

**прсметаната амортизација, бидејќи согласно позитивните прописи за финансиско и сметководствено работење, вредноста на секоја опрема, секоја година се намалува и тоа се пресметува согласно утврдената амортизациона стапка**. Во наведената Информација од Централниот регистар на РМ никаде не е наведено дека биле отуѓувани било какви основни средства или опрема на должникот, ниту пак доверителот достави било каков доказ во овој контекст.

Во однос на другата насока на Апелациониот суд во Штип, според која првостепениот суд требаше да утврди дали со евентуални дејствија на должникот или на единствениот содружник Ристе Љуботенски, му се оневозможува или се попречува доверителот да врши увид во финасиско-книговодствената документација на должникот, напоменувам дека првостепениот суд во целост постапи по овие напаствија ги изведе сите приложени докази и донесе правилен заклучок. Поконкретно, првостепениот суд изврши увид во доставените Записници и Решенија по предметите ВПП.бр.10/13 и ВПП.бр.11/13 и ВПП.бр.15/13 по што правилно утврди дека во текот на жалбената постапка во наведените вонпарнични постапки по барање на доверителот, Основниот суд во Штип му дозволи на доверителот да изврши целосен увид во книговодствената и финасиската документација на должникот. Против наведените решенија, должникот воопшто не поднесе жалба. Напротив, во неколку наврати доверителот заедно со ангажираните вешти лица изврши целосен увид во комплетната документација на должникот. При тоа, напоменувам дека на доверителот никогаш не му било оневозможено да врши увид во финасиската документација, но доверителот такво нешто до сега никогаш и не побарал. Во тој контекст, доверителот не достави ниту еден доказ за тоа дека наводно во изминатиот период од 9 години некогаш побарал увид во документацијата, но тоа не му било дозволено.

Од изнесените наводи јасно може да се констатира дека првостепениот суд во целост постапи по напатствијата на Апелациониот суд во Штип.

Не се точни наводите истакнати во жалбата според кои наводно првостепениот суд погрешно и нецелосно ја утврдил фактичката состојба и погрешно го применил материјалното право.

Напротив, откако претходно правилно и целосно ја утврдил фактичката состојба, првостепениот суд правилно го применил и материјалното право, кога со обжаленото решение го одбил како неоснован Предлогот на доверителот за издавање на привремена мерка за обезбедување на парично побарување.

Бројните докази кои ги достави доверителот во поткрепа на оправданоста на Предлогот за донесување решение за привремена мерка, всушност претставуваат само два документа, а тоа се Информацијата за економско-финансиска состојба на субјектот од Централниот регистар на РМ за работењето на друштвото во период 2010 и 2011 година, како и Решението од УЈП за регистрација на ДДВ на поврзани лица. При тоа, потенцирајќи ги десетина пати истите докази, доверителот се обидува да ги прикаже во сосема пинаков контекст со цел да се создаде сосема поинаква слика за фактичката состојба. Во однос на наведената Информација од Централниот регистар на РМ, доверителот се обидува со селективен приказ на само еден од бројните податоци и тоа за периодот од 2010 до 2011 година, да прикаже дека наводно сега во 2013 година, должникот превзема некакви дејствија со кои се отуѓуваат основни средства и се намалува нивната вредност. Меѓутоа, како што претходно веќе е напоменато, искористувајќи го податокот за намалување на вредноста на основните средства по основ на амортизација, доверителот се обидува да прикаже дека тоа наводно значи отуѓување на основните средства и имотот на должникот. Но, видно од претходно наведената Информација од ЦР на РМ за периодот од 2010 и 2011 година, но и од Информацијата за економско-финансиска состојба на субјектот од Централниот регистар на РМ за 2012 година (која ја доставуваме во прилог на Одговорот на жалба) во ставката намалување на вредноста на основните средства лесно ќе се заклучи дека станува збор за законско книговодствено намалување по основ на амортизација. Исто така од наведените

Информации лесно може да се воочи дека во периодот од 2010 година до денес должникот континуирано остварува добивка од неколку стотини илјади евра, па се поставува прашањето како може доверителот да трпи некаква штета (дури и доколку успее да докаже дека има некакво побарување спрема должникот) кога должникот континуирано остварува добивка, што секако не би можело да се случи доколку должникот навистина превземал било какви дејствија со кои го отуѓува имотот или го намалува капиталот на друштвото.

Во текот на целата постапка, вклучувајќи ги и наводите истакнати во жалбата, доверителот континуирано и упорно прикажува дека должникот има само три вработени лица и дека се потполни невистинити тврдењата на должникот дека има 60 вработени лица, па повикувајќи се на наведената Информација, го истакнува како клучен аргумент во жалбата за тоа дека првостепениот суд неосновано му поклнил верба на должникот во однос на овие околности.

Полномошникот на доверителот можеше лесно да го утврди податокот за бројот на вработени лица, доколку побараше официјално писмено известување од Агенцијата за вработување на РМ, но со оглед на тоа што тоа не го стори во прилог на овој Одговор на жалба, должникот доставува Преглед на пријавени вработени лица заклучно со 16.04.2013 година, издаден од Агенцијата за вработување на РМ бр.0302-736 од кој се гледа дека кај должникот се вработени точно 58 лица. Овој доказ јасно укажува на тоа кој ја зборува вистината, а кој го доведува судот во заблуда.

ДОКАЗ: Информација за економско финансиска состојба на субјект за 2012 год. од Централен регистар на РМ бр.09-22/75 од 02.07.2013 година.
Преглед на пријавени вработени лица заклучно со 16.04.2013 год. издаден од Агенцијата за вработување на РМ бр.0302-736

Во однос на доставеното Решение од УЈП за регистрација на ДДВ, кое доверителот се обидува да го прикаже како неспорен доказ за тоа дека друштвата ИМАКО и Винарската визба ИМАКО ВИНО се всушност едно исто друштво бидејќи имаат ист даночен број, должникот претходно веќе укажа и првостепениот суд правилно утврди дека наведените правни лица во решението се сметаат за поврзани друштва **само во смисол на одредбите од Законот за ДДВ** и истото се однесува само во контекст на пресметување на ДДВ (плаќање или пребивање) во евентуални нивни меѓусебни деловни односи. Но, тоа во никој случај не значи дека станува збор за едно исто правно лице, бидејќи е видно од самото Решение, секој од наведените друштва има посебен единствен даночен број (ЕДБ) но имаат и посебни матични броеви (ЕМБС). Во самото Решение се потенцира дека наведениот даночен број се однесува само за ДДВ.

ДОКАЗ: Решение за регистрација за данок на додадена вредност на поврзани лица од 31.10.2005 год.

Во однос на т.н. нови докази односно писмата од некакви приватни фирми ПИМ Бугарија и ДЕЛЛА ТОФФОЛА од Италија, кој доверителот ги достави во нечитка фотокопија, за кои самиот преведувач потврдува дека печатот е нечитлив, должникот приговори на изведувањето на овие докази, бидејќи не само што се сомнева во нивната веродостојност, туку и затоа што истите воопшто не докажуваат ниту за какви уплати станува збор, односно каква роба или опрема се купува, кој ќе биде сопственик на таквата роба или опрема и сл. Ова дотолку повеќе што, доверителот имал и свои винарски визби во Русија и Бугарија, па е можно да купувал опрема или суровини за сопствените винарски визби, но сега се обидува да прикаже дека тоа наводно го правел со цел истите да ги внесе како негов основачки влог во Винарската визба ИМАКО ВИНО. При тоа, ваквите заклучоци би биле лишени од било каква логика бидејќи видно од самите писма, најголемиот дел од уплатите се вршени во периодот 2003 и 2004 година,

односно пред склучување на Договорот за деловно-техничка и финасиска соработка, а тоа јасно укажува дека овие плаќања немаат никаква врска со Договорот за деловно-техничка и финасиска соработка или побарувањето на доверителот кое го истакнува во овој предмет. **Доколку наведените плаќања на доверителот биле извршени со цел истите** да **претставуваат основен влог на доверителот кај должникот, во таков случај, согласно одредбите Законот за девизно работење, Законот за Народна Банка на РМ и особено ЗТД, во сите уплати би морало да биде назначено дека станува збор за уплата на паричен или непаричен влог, ваквите уплати задолжително би биле пријавено во НБРМ, и секако согласно одредбите од ЗТД ваквите вложувања би морале да бидат прикажани како зголемување на основната главнина за што мора да бидат изготвени, потпишани и заверени повеќе интерни акти на друштвото, да биде извршена посебна проценка на зголемувањето од овластен проценител, како и зголемувањето да биде евидентирано во трговскиот регистар.** Меѓутоа во текот на постапката не беше доставен ниту еден единствен доказ за тоа дека доверителот вршел било какви уплати односно имал било какви парични или непарични влогови кај должникот.

Со оглед на тоа што од поднесувањето на Предлогот за издавање на времена мерка до денес поминаа неколку месеци во кој период доверителот изврши целосен увид во книговодствената и финансиската документација на должникот, а увидот го извршија вешти лица кои самиот ги анагажираше, навистина не е јасно од кои причини доверителот се уште не поднесува тужба за надомест на долг, која полномошникот на доверителот ја прецизираше на двете одржани рочишта во оваа постапка. Доколку доверителот навистина смета дека неговото побарување е основано и веројатно досега сигурно ќе поднесеше тужба и ќе беше поведена парнична постапка, во која парничниот суд со примена на сите правила на парничната постапка ќе може по утврдување на сите релеватни околности и факти да утвди дали побарувањето на доверителот е основано или не. Самиот должник неколку пати укажа дека со задоволство ќе прифати наведените околности да се расчистат во една парнична постапка , но со оглед на тоа што доверителот сеуште не поднел тужба јасно произлегува дека целта која сака да ја постигне со оваа постапка е единствено со истакнување на невистинити, селективни и нелогични факти, да се обиде да го доведе судот во заблуда и да донесе Решение за привремена мерка, со што всушност ќе предизвика целосна блокада на работењето на должникот и ќе му причини огромна и ненадоместлива штета на должникот.

Меѓутоа, со оглед на тоа што Доверителот очигледно нема намера да ја поднесе најавената тужба, токму должникот поднесе тужба пред Основниот суд во Штип против доверителот, со која бара да се утврди ништовност на наведените договори, но ваквата постапка се уште не може да започне бидејки Полномошниците на Доверителот во оваа постапка не сметаат дека се негови Полномошници и во другата постапка, па настана проблем со доставата на тужбата до тужениот, кој е државјанин на Русија, роден во Украина, со привремен престој во германија, а според некои сознанија на должникот моментално престојува некаде во Италија, бидејки против истиот доверител се водат кривични постапки во Русија, и слична парнична постапка во Бугарија.

Од друга страна, барањата истакнати со Предлогот се потполно нејасни, конфузни, нереални, неосновани и најблаго речено несериозни, бидејки со Предлогот доверителот бара судот да издаде привремена мерка со која бара да му се забрани на должникот да располага со целокупниот недвижен имот, без воопшто да напомене за кој и каков недвижен имот станува збор и да достави валидни докази (имотни листови) со детални податоци за недвижниот имот ; бара да му се забрани на должниковиот должник да му исплати на должникот побарување или да му предаде предмети, но воопшто не наведува од кој должников должник, кое побарување, на кои износи, кои и какви предмети и сл.; бара да му се забрани на должникот да наплатува побарувања и да располага со нив, да не му се дозволи на должникот било каква исплата на парични средства од неговите сметки и слично, а сето тоа до правосилно завршување на

постапката за надомест на долг, која должникот би ја повел со тужба во рок од 30 дена од донесувањето на решението за времена мерка.

Вака поставените барања во Предлогот, се несериозни, но и недозволени, бидејќи во буквална смисла би значеле престанок на дејноста на должникот, кој не би можел да ги плаќа даноците, да исплаќа плати на вработените, да го плаќа грозјето од лозрите, да набавува суровини и опрема за нормално одвивање на процесот на производство, да го продава произведеното вино кое за краток временски период би можело да се расипе и сл. , а особено во пресрет на претстојната берба на грозјето која започнува во втората половина на месец август и директно ќе влијае на социјално-финансиската состојба на над 1000 семејства во источна Македоноја.

Видно од доказите изведени во текот на постапката, не е исполнет ниту еден од условите за дозволување на привремена мерка, утврдени во чл.33 од ЗОП, бидејќи доверителот ниту го стори веројатно постоењето на побарувањето, ниту опасноста дека без таква мерка должникот ќе ја осуети или значително отежне наплатата на побарувањето.

Со оглед на досега изнесеното, му предлагам на Апелациониот суд во Штип, да ја одбие жалбата на доверителот во целост како неоснована неоснована и да го потврди Решението на Основниот суд во Штип ВПП 2 Г.бр. 15/13 од 10.07.2013 год, да го задолжи да му ги надомести на должникот трошоците за состав на овој Одговор на жалба во износ од 14.040.00 денари, зголемени за ДДВ во висина на 18% бидејќи полномошникот на доверителот е ДДВ обврзник, како и таксата за одговор на жалба во износ кој ќе го определи судот.

Скопје, За Должникот,

25.07.2013 год. Полном.Адв.Гоце Цоневски